# СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци

## Светски ден на водата




**22 март 2021 година**

Според Календарот на Обединетите нации,

22 март е Светски ден на водата.



**Водата е основата за постоењето на живот на планетата Земја, а чистата вода за пиење и за одржување на хигиената е неопходна за одржување на животот и здравјето на целиот жив свет.**

## ПРАВОТО НА ВОДА НЕ Е ЕДНАКВО ДОСТАПНО ЗА СЕКОГО. ПРИБЛИЖНО 900 МИЛИОНИ ЛУЃЕ ВО СВЕТОТ НЕМААТ ПРИСТАП ДО ЧИСТА И ЗДРАВА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ДОДЕКА 2,5 МИЛИЈАРДИ ЛУЃЕ НЕМААТ НОРМАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СВОЈАТА ХИГИЕНА.



**На 28 јули 2010 година, Генералното собрание на Обединетите нации преку Резолуцијата А/РЕС/64/292 ја прогласува чистата вода за пиење и за санитарни потреби за човеково право од суштинско значење.**

# Меѓународното хуманитарно право и правото на здрава животна средина, исто така, го заштитува пристапот за безбедна и чиста вода за задоволување на човековите потреби.




**Женевската конвенција од 1949 година и нејзиниот Протокол од 1977 година ја потенцира основната важност на пристапот до чиста вода, како во нормални услови, така и во воени услови.**

Овозможувањето пристап до здрава и чиста вода на луѓето во светот, значи дека за секој човек треба да има доволно вода за задоволување на своите животни потреби и секоја држава треба да води грижа за обезбедување на ова право за своите граѓани.

Здравата вода треба да ги исполнува стандардите во смисла на тоа да нема штетни микроорганизми, хемиски супстанции и радиолошки опасности.



❖ Правото на вода е поврзано и со другите човекови права, како што се:

правото на образование,
живеалиште,
правото на здравје и обезбедување здравствени услуги,
правото на работа,
живот и правото на заштита од суров, нехуман третман или казна.



# Ви благодарам на вниманието!

**Изработила:**

**Марија Ѓорѓиева 2-3 клас**

**Ментор:**

**Елизабета Иговска – професор по биологија**